РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Бр. 0202- 16142/1
29.11. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 и член 109 и 109-а од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за висината на надоместокот за ставање во мирување на овластувањето за овластен геодет и за престанок на мирувањето на овластувањето за овластен геодет

1. За ставање во мирување на овластувањето за овластен геодет се определува висина на надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2. За престанок на мирувањето на овластувањето за овластен се определува висина на надоместок во износ од 6.000,00 денари.

3. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Бр. __________ 2019 год.
Скопје

Претседател на
Управен одбор
_______________
м-р Ирма Мандева

Изготвиле/Одобриле:
Елеонора Стефановска
Соња Димова

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19) кој стапи во сила на 26 јуни 2019 година, за овластените геодети е воведен нов институт „мирување на овластување за овластен геодет“. Ставањето во мирување на овластување за овластен геодет беше предложено од причина што досегашната пракса покажа дека овластените геодети кои поради одредени оправдани причини (боледување, подолго отсуство од државата и сл.) се спречени да посетуваат континуирана обука, не ги исполнуваат условите за продолжување на овластување, а досега немаа можност да го стават овластувањето во мирување, за период од најмногу 5 години. Воедно во Законот е пропишана обврска за Управниот одбор да донесе одлука за висината на надоместоците поврзани со постапките за овластување за овластен геодет (полагање на испит, продолжување на овластување, потврдување на овластување за странски геодетски инженер, ставање/престанок на мирување).

Во предлог-одлуката се предлага висина на надоместокот во износ од 6.000,00 денари за ставање/престанок на мирување на овластување за овластен геодет. Методологијата според која е утврдена висината на надоместокот зависи од врметраењето на користење на условите кои се неопходни за работа на комисијата (просторни, технички), како и од бројот на членови во комисијата. Пресметакта еприкажана е во следната табела:

| Назив | Потребни работни часови | Паушал/ цена по работен час | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| Просторија за работа на комисијата (бироа, столици, струја, интернет,...) | 4 | 1200 | 1200 |
| Компјутерска опрема за работа на комисијата (компјутер, принтер, хартија, телефон, печатар...) | 4 | 1500 | 1500 |
| Разгледување на доставените документи и прилози и изготвување на решение | 16 (4члена*4часа) | 200 | 3200 |
| Достава на решението до овластениот геодет | / | 100 | 100 |
| | | | 6000 |